1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Предметна програма од прв циклус на студии Финансиски пазари и институции**			
2.	**Код**	**FIN 210**			
3.	Студиска програма	Финансии			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)	Катедра за финансии на Економски факултет – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година /семестар	Втора година/четврти семестар	7.	Број на ЕКТС-кредити	7.5
8.	Наставник	Проф. д-р Кирил Јовановски			
9.	Предуслови за запишување на предметот				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Изучувањето на материјата по овој предмет треба да им овозможи на студентите да ги запознаат основните принципи на функционирањето на финансиските пазари (пазари на пари, пазари на капитал, девизни пазари, итн.) и финансиските институции (банки, осигурителни компании, пензиони фондови, инвестициони фондови, итн.) кои претставуваат извонредно важен дел од секоја национална економија, како и на светската економија во целина. Финансиските пазари и институции не само што влијаат на нашиот секојдневен живот, туку исто така се занимаваат со трансфер на големи износи на средства кои потоа влијаат на профитите на фирмите, производството на стоки и услуги и на економската благосостојба на нашата и странските економии. Во последните десетина години се случија фундаментални, револуционерни промени на финансиските пазари и институции во светски рамки. На свој начин, низ драматични промени минаа и македонските финансиски пазари и институции. Овој предмет ќе ги запознае студентите со главните насоки и содржината на тие промени. Но со оглед на тоа што е извесно дека интензитетот на промените нема да се намали во иднина, тој е фокусиран кон тоа да им обезбеди на студентите такви знаења и аналитички орудија,кои ќе им бидат потребни да ги разберат финансиските иновации што сигурно ќе се случат кога тие професионално ќе се занимаваат со финансискиот бизнис. Усвојувањето на знаењата од овој предмет претставува основа за натамошно усовршување на студентите кои очекуваат и посакуваат да се здобијат со работни места во широка група атрактивни области какви што се банкарството, финансиските институции воопшто, финансиите на корпорациите, државните институции и во мултинационал ните деловни активности.				
11.	Содржина на предметната програма: • Детерминанти на каматните стапки • Вовед во финансискиот систем • Финансиски пазари • Финансиски инструменти • Финансиски институции • Мерење на каматните стапки • Финансиски иновации • Пазар на пари • Пазарен капитал				

<table>
<tr><td></td><td colspan="6">• Пазар на обврзници
• Финансиски деривати
• Институционална структура на финансиските пазари
• Комерцијални банки
• Други депозитни институции
• Управување со финансиски институции
• Не банкарски финансиски институции
• Финансиска регулатива</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="6">Методи на учење:
предавања, интерактивна настава, стдии на случај, квизови, проекти, аудио-визуелни материјали, подржани со LCD и PowerPoint.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="5">7.5 ЕКТС x 30 часови = 225 часови</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="5">90+30+15+90=225</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td colspan="2">Предавања - теоретска настава</td><td>90 часови</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td colspan="2">Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа</td><td>0 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td colspan="2">Проектни задачи</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td colspan="2">Самостојни задачи</td><td>15 часови</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td colspan="2">Домашно учење – задачи</td><td>90 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="6">Начин на оценување 60+30+10</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td colspan="4">Тестови</td><td>80 бодови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="4">Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна)</td><td>10 бодови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="4">Активност и учество</td><td>10 бодиви</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="3" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>51 x до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>61 x до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="3">Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="2">Реализирани активности од точка 15 и 16</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="3">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Интерна евалуација и анкета</td></tr>
<tr><td rowspan="6">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="2">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Михаил Петковски</td><td>Финансиски пазари и институции – второ издание</td><td>Економски факултет Скопје</td><td>2009</td></tr>
<tr><td rowspan="2">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Jeff Madura</td><td>Financial Markets and Institutions 12th Edition</td><td>Cengage Learning</td><td>2017</td></tr>
</table>